**ЗАПИСНИК**
**од 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година (петок)**

Осмата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 06 февруари 2026 година (петок), со почеток во 10.20 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветановска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски, Ана Цветаноска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Цирививри.

На 8. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 8. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред за работа на 8. седница на советот на Општина Карпош.

Претседателот посочи дека службите го известиле дека е направена е измена во во насловот на првата точка од предложениот дневен ред: Предлог-Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за седници на советот и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за учество на седници на советот.

Измената на насловот на предлог-точката ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена изменета на насловот на првата точка.**

Членот на Советот Добрила Андоновска предложи додавање на точка на дневниот ред Советнички прашања.

Претседателот го стави предлогот на гласање за додавање на советнички прашања како точка 24 на предложениот дневен ред.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена во дневниот ред точка 24 Советнички прашања.**

Збор зема членот на советот Владимир Бислимовски кој посочи дека бил пристигнат емаил до сите членови на совет од директорката на ООУ "Јан Амос Коменски" која се жали од секретарот на Општина Карпош, дека имала пристисок да се повлече од директорското место и притисок од инспектори од министерство, воедно побара објаснување од секретарот да се произнесе за овие наводи?

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот помина на гласање на измететиот

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 3. (свечена) седница**
- **Усвојување записник од 4. седница**
- **Усвојување записник од 6. седница**

1. **Предлог-Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за седници на советот и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за учество на седници на советот**
2. **Предлог-Решение за формирање на Комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)**
3. **Предлог-Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2025 година**

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година
5. Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)
6. Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година
7. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош- Скопје
8. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје
9. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје
10. Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје
11. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет" Карпош-Скопје
12. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје
13. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје
14. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје
15. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински" Општина Карпош - Скопје

16. Предлог-Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Факултет за електротехника и информациски технологии
17. Предлог- Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за Драмски уметности Скопје
18. Предлог-Одлука за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје
19. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош
20. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош
21. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје
22. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор
23. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата
24. Советнички прашања

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен изменетиот дневен ред на 8. седница на Советот на Општина Карпош.**

Пред да помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледаат и гласаат записниците кои се предложени на дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 3. (свечена) седница.

Бидејќи никој не се јави зазбор, претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 3. (свечена) седница на Советот на Општина Карпош.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 3. (свечена) седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 4. седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 4 седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 4. седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 6. седница .

Бидејќи никој не се јави зазбор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 6. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 6. седница на Советот на Општина Карпош.**

Збор зема Градоначалникот на Општина Карпош, кој истакна дека не е запознает со ситуацијата која што ја посочил членот на советот Владимир Бислимовски, и најави дека дополнително ќе се произнесе по наводите.

Преседателот отвори расправа по точките од дневниот ред.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 05.02.2026 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален

економски развој да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој која посочи дека била одржана на 05.02.2026 година, извести интегрално по сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**ТОЧКА 1 –Предлог-Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за седници на советот и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за учество на седници на советот**

Претседателот отвори расправа по предложената точка

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави предложената точка.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за седници на советот и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за учество на седници на советот**

**ТОЧКА 2 Предлог-Решение за формирање на Комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

05.02.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Татјана Стојановска која бара да се достави извештај до советниците во однос на тоа што е реализирано од ЛЕАП-от.

По усвојувањето на оваа Комисија бара извештај од Комисијата што се е имплементирано од ЛЕАП-от, бидејќи многу работи се гласаат за ЛЕАП-от но не ја гледа нивната имплементација, да се знае по точки и да се воочи што е направено.

Збор зема Петар Теов од секторот за екологија и енергетска ефикасност во врска со извештајот за ЛЕАП-от, кој посочи дека во годишниот извештај што неодамна бил доставен до нив имало точка посебна каде што се образложува точно за ЛЕАП- от кои информации и колку пари се потрошени.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за формирање на Комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)**

**ТОЧКА 3. Предлог-Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2025 година

**ТОЧКА 4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 05.02.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.
Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена, Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година**

ТОЧКА 5. **Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на Советот Ивана Петковска која има краток коментар во однос на правилникот. Истакна дека претходната седница се договориле за начинот, постапката и критериумите за доделување на еднократна парична помош да се додаде решение од Фондот за здравство за лекување во странство. Со членот на советот Благица Цветановска на Комисијата за јавни дејности го продискутирале предлогот и предлага да се размисли затоа што за тие решенија бирократскиот пат е многу тежок. Дали можеби повторно да се размиси и да го тргнат тој предлог? Затоа што тие како комисија би можеле да го олеснат тој пат.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска која укажа како доктор од пракса имало пациенти од нејзината област со една изгореница на горен екстремитет каде што одлучуваат специјалисти каде што не се животно загрозени и не бараат специјални операции. Може да добијат конзилијарно мислење и да се договорат тие како колеги дека не можат да ја изведат таа операција на пример во нејзината установа и тие да дадат конзилијарно мислење до фондот. Фондот е тој што контролира за да некој се лекува во странство и фондот да му плати мора да се исцрпат сите можности за лекување тука пред се во јавните здравствени установи потоа и во приватните. Кога и приватните ќе се изјаснат дека не може да се лекува тука, тогаш фондот е должен, а ние сме социјална држава и тие пациенти се

испраќаат надвор на лекување. За да се даде одобрување за одење надвор има прво првостепена комисија која се состанува и се разгледуваат сите случаи. Странката потоа има право во законски рок да се обрати и ако не е задоволна од одлуката да се обрати до второстепена комисија. Строго е контролирано од државата колку пари се даваат. За жал сеуште немаме некои од ресурсите за некои одредени операции освен тие најразвиените земји. Како држава имаме такви случаи што ќе треба да одделиме повеќе од триесет илјада денари на самата комисија. Затоа е добро што ја прошириле и се заблагодари за разбирањето. Таа комисија е за да се дискутира и кога ќе имаат некој многу тежок случај каде што ќе оди на Советот и секако ќе има можност да се одобрат и поголеми средства. Со цел да се заштитат од еден наплив на барања. Првата задача е да се помогне на семејствата кои се среќаваат со големи трошоци во главно се 100 % покриени меѓутоа тие и понатаму одат на контроли итн. Секогаш советот е тука и тие како општина да помогнат во рамките на нивните можности. Секако ќе имало промени во буџетот за оваа програма понатаму со ребаланс итн.

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска се согласува со констатацијата во правилникот каде што стои 6 месеци за лекување со извештај од специјалист така што лицето може и без решение додека трае процедурата на основа на извештаите што ги има добиено од прегледите да добие и да аплицира во Општината за еднократна парична помош. Ова е добро да ја стават бидејќи многу луѓе во тој момент можеби не знаат па ќе отидат на лекување без да се обратат кај нас. Кога ќе се вратат исто така продолжува голготата на лекувањето. Затоа и стои шест месеци за решението и смета дека е подобро да стои бидејќи откако ќе се вратат може да аплицираат па да добијат на пример за некоја терапија која што треба да ја допримат во текот на долекувањето додека не се заврши целото. Затоа смета дека вака е подобро.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска која истакна дека токму тоа е најголемиот проблем што сите ние имаме луѓе што биле болни особено кога се работи за деца со малигните болести итн, прават грешка во постапката затоа постои фондот. Некој од нив ќе однесе некој свој близок или пријател не е битно само иницијативно мора да биде запазена процедурата и постапката, постапката е во тек тие таму бараат средствата да им бидат префрлени според нивната проценка колку ќе биде лекувањето додека нема прилив на средства. Луѓето не знаат и грешат и потоа се доведуваат во ситуација затоа и ние дополнително не треба да ги доведуваме во заблуда. Смета дека имаат солиден правилник. Укажа дека секогаш тој правилник можат да го корегираат и да го дополнат. Да се започне со работа во комисијата има меѓу барањата и поитни случаеви.

Збор зема членот на советот Благица Цветановска укажа дека се сложиле со Ивана Петковска бидејќи не сакале да бидат како општина продолжена рака на фондот. Меѓутоа откако се консултирале укажа дека процедурата е малку подолга. Фондот формира комисија доделува дозвола за лекување во странство откако ќе се исцрпат сите ресурси овде во државните и во приватните болници.Целта е да да се запази работата на Советот и би се сложила со тоа дека доколку пристигнат такви поголеми побарувања за лекувања кои што се ургентни треба да доаѓаат на Совет.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик)**

**ТОЧКА 6. Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година**

Членови на комисијата за еднократна парична помош брои 12 членови
9 членови од редот на советот на Општина Карпош и 3 членови од редот на општинската администрација.

**-Јасмин Циривири**
**-Адријана Јакимовска Панчевска**
**-Ана Цветановска**
**-Благица Цветановска**
**-Филип Ивановски**
**-Добрила Андоновска**
**-Вера Бужаровска**
**-Љупчо Трипуноски**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено** Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година

Претседателот предложи интегрална расправа од точка 7 до точка 10

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено интегрално да се разгледуваат точките.**

ТОЧКА 7. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош- Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош- Скопје

ТОЧКА 8. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје.**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје.**

ТОЧКА 9 **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 26 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје.**

ТОЧКА 10. **Предлог-Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за утврдување на почетокот и**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје.**

Претседателот предложи интегрална расправа од точка 11 до точка 14

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено интегрално да се разгледуваат точките.**

ТОЧКА 11. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет" Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Славко Митевски кој посочи дека оваа точка доаѓа на дневен ред секоја година за давање согласност со цел да се зголемат капацитетите во градинките но дали има доволно градинки и места и како и да се реши проблемот со финансирањето смета дека цела тежина се префрлува на воспитувачките.
Збор зема членот на советот Владимир Бислимовски со прашање до каде е изградбата на градинката "Мајски Цвет" дали ќе ја пуштат за да можат децата да одат во градинка? Посочи дека капацитетот во една група е 25 деца. Смета дека децата не треба да престојуваат во бараките каде што била старата општина.
Збор зема членот на советот Добрила Андоновска која истакна дека во однос на оваа решение се прашувала со години зошто се носи точката меѓутоа во моментот имаат ситуација кога е добро што се донела таква одлука во такви ситуации ќе имале причина што во иднина некои градинки ќе се реновираат или ќе се рушат и тие деца секако ќе треба некаде да бидат згрижени како што е во моментов. Имаа ситуации со некои гранични градинки на пример да претпостави со градинката во Карпош 1, затоа што таков е случајот и со училиштата што се гранични. Посочи дека имаат реонизација и таа реонизацијата се почитува. На пример во Карпош 1 каде што некогаш нема доволно ученици за да се запишат во прво одделение, нема можност да се формира паралелка и дали наставниците ќе останат без работа? Има информација дека градинката Мајски Цвет е завршена и дека е многу добар објект. Кога ќе се има време и кога ќе биде завршена и спремна да се отвори се надева дека ќе бидат поканети по повод отварањето. Во однос на прашањето на Бислимовски за градинката Пролет тоес Бумбарче, каде што се јаслите, таму колку што знае бил завршен тендерот. Со прашање зошто не е почнато со градинката "Пролет". Во однос на субстандард се обрати на Бислимовски да посочи решение. Градинката ќе се пушти за да се вратат назад ама тие деца кога ќе се руши Пролет исто така некаде ќе треба да бидат сместени и претпоставува дека тоа така функционира, затоа постојат

тие одбори, кои се во градинките. Тие ќе одлучат каде тие деца каде ќе бидат сместени. Можеби на некои родители им е подобро и поблиску да ги носат, него пример да треба да ги носат во Братство кај градинката "Мајски Цвет". И дали таму има место да се примат? Лично верува дека набрзо сето ова ќе биде со некоја динамика и ќе биде решено. Не гледа пречка ако е готова градинката да се сече лента. Му посочи на членот на советот Славко Митевски дека нема пречка, во донесувањето на овие одлуки, а дали треба tое да ги носат како Совет тоа не знае, меѓутоа можеби само службите треба да ги донесат.

Збор зема од службите Тања Пантелиќ Гишев во врска со утврдување на давање одобрение за Комисијата за капацитет над и под број на деца во градинките на нив тоа им е законска обврска. Согласно законот за заштита на деца, член 60, став 2 и 3 тие како Општина треба да дадат одобрение за функционирање на Комисијата. Таа Комисија ја формира управниот одбор на градинката. Таа врши проценка на капацитетите и доколку постојат можности се запишуваат деца и над капацитет. Значи тие мора законски ова да го поминат како основачи на градинките на седница на Советот.

Збор зема членот на советот Владимир Бислимовски кој изјави дека е субстандард во однос на стандард. Се знае како треба да изгледа една градинка. Решение мора да се најде. Ќе се реновираат и други градинки да се најде решение, да не бидат во ситуација ако нешто утре се случи што побрзо да се отвори градинката, затоа што е готова, за да може децата да одат во градинка. И да се најде друго решение, што е поприфатливо за да се направи.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска во однос на градинката Бумбарче треба да знаат дека таа е изградена во 1964 година и е во најлоша кондиција, а тоа се јасли. Затоа молбата е побрзо да се отвори оваа градинка. Да се инсистира побрзо да се отвори за да децата одат, за да нешто ново се направи па да се руши. И временските прилики се добри за да може да го решат проблемот со градинката Бумбарче. Има и други можеби што треба да се реновираат. Да потрудат од страна на Советот што побрзо да се решаваат проблемите.

Збор зема Адријана Јакимовска Панчевска која бара од секторот за социјална и детска заштита и одделението за образование да се обратат до директорите на градинките и на основните училишта да им доставаат до следната седница на Совет извештај во однос на одлуката за реонизација. Дали се почитува реонизацијата?

Збор зема градоначалникот во однос на градинката Бумбарче се спрема за децата таа градинка ќе се руши. Ги замолува да не се префрлува одговорноста која сега и

негова ама и нивна. Во однос на прашањето на членот на советот Митревски смета дека е коректно. Треба да се види дали секоја година тие ќе ги зголемуваат капацитетите и од каде доаѓа потребата дали е тоа кадровска и реонизацијата како што спомна Панчевска, треба да ја утврдат и да се залагаат да тие аномалии се тргнат. Во однос на градинката "Мајски Цвет" во Тафталиџе мисли дека се далеку од лентата, посочи дека ќе се одложело уште некој период, укажа дека е добро што се поставило прашањето па вака јавноста ќе биде запознаена затоа што е голем притисокот и од пред се од родителите и со разбирање кон нив. Се работи за дечиња кои во какви услови таму престојуваат. Меѓутоа од првиот момент кога дознал за реновирањето на градинката, во два наврати ја посетил градинката заедно со директорката. Разговарале со изведувачот тогаш не биле готови градежните работи во овој дел, кој е предвиден за реконструкција и му било укажано дека има голем број позиции кои не се предвидени во проектот. Проектот бил стар од 2015 год. поради тоа се побрзало да се аплицира со цел да се добијат средствата. Меѓутоа во тие два наврата смета дека било некаде почетокот и крајот на декември месец беше побарано од нив и да се пролонгира рокот за завршување. Со оглед на тоа дека не биле предвидени позициите и се договориле како Општина да обезбедат средства. Обезбедените средства во буџетот за се тоа што не е предвидено со проектот. За жал покрај оние позиции кои не се предвидени. Градинката е завршена е во најголем дел меѓутоа позициите кои не се предвидени не се изведени. Колку што можат да приметат за приземниот дел партерот не е предвиден и не е изведен така да за жал во овој момент не е спремна меѓутоа и делот предвиден за јасли. Дали при градење, рушење, копање итн. дали сега допринело тој дел да биде во многу лоша состојба? Од двете негови посети на градинката во овие два и пол месеци каде што е евидентно нарушување на кровот се гледаат јасни пукнатини на кровот. Укажа дека е направена реконструкција за побрзо да се добијат документите да се почне пред избори и така натаму. Еден дел е оставен како тоа е и не се реконструира. Сега тој дел прави проблем, поврзани се тие два дела се еден со друг. Еден без друг не може да функционира. Оваа недела предвидено е да ја посетат градинката да се направи увид заедно со министерството, со цел реално да ја согледаат ситуацијата. Ако тие посочат и дадат дозвола дека овој дел кој е изграден е нов со тоа што ние ќе кофинансираме за оние работи кои не се предвидени меѓу нив и партерот да го завршат и да ја отворат градинката. Меѓутоа, она што тој го видел од тие два наврати смета дека градинката не ќе може да ја пушти без овој дел кој е предвиден за јасли. Им понуди на советниците да одат заедно и ќе ги информира кога ќе биде увидот заедно со луѓето од министерството.Тој разговарал два пати доаѓале изведувачите заедно со надзорница од комуналното. Имале неколку состаноци со склучени лица. Тие сметаат дека некаде за месец и пол би го извеле тој дел, да се отстрани сегашниот кров и да се изведе нов кров. За жал влезени се во еден таков теснец. Се надева дека брзо ќе се реагира. Моли за трпение од сите меѓутоа

работата е затегната. Ќе гледа се што може да направи да што побрзо излезат од овој проблем.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска во однос на јаслите имаат предвидено во буџетот оваа година тие лично барале како советничка група одреден буџет и дека е одобрен буџет и верува дека тоа ќе се направи. Не гледа во тоа дека бекатоните се пречка да се пушти градинка. Секако таму нема да се пушти без претходно употребна дозвола од релевантните институции. Дали е можно да се пушти другиот дел затоа што и тоа таму ќе трае кај јаслите. Дали во таа насока да се размислува и да се дискутира и дали евентуално може да се пушти?

Збор зема Градоначалкникот од она што тој го видел како човек кој не е вклучен ниту во делот на социјалната политика ниту градежништвото смета дека не ќе може. Меѓутоа во понеделник ќе имаат состанок во општината и ќе се договорат ќе излезат на терен заедно со министерството да се изјаснат. Во врска со градинката Пролет за месец дена ќе почнат со рушење на таа градинка па по рушењето ќе започнат со новата градинка.

Збор зема членот на советот Дарко Ристовски укажа дека е добро што работите се движат во добар правец, смета дека поголем ефект ќе има ако излезе Градоначалникот и го каже на прес и ќе стигне до многу повеќе луѓе. Можеби така ќе го видат на телевизија и слично.

Збор зема Градоначалник се согласува со членот на советот Ристовски било планирано со оглед на ситуацијата тоа да биде во наредната недела заедно со Министерството откако ќе го направат увидот веднаш ќе излезат со изјава и ќе се запознела и пошироката јавност со проблемот.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено** Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје

ТОЧКА 12. **Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје

**ТОЧКА 13. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено** Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје

**ТОЧКА 14. Предлог-Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје

Претседателот предложи пауза од 15 минути

По паузата се продолжи со работа

**ТОЧКА 15. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош - Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

На предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Аце Миноски

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено** Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош - Скопје

**ТОЧКА 16. Предлог-Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Факултет за електротехника и информациски технологии**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

- Давор Грче, член на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено** Решението за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Факултет за електротехника и информациски технологии

**ТОЧКА 17. Предлог- Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за Драмски уметности Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
За член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за драмски уметности во состав на Универзитетот „Св. Кирил и
Методиј“ – Скопје се определува:
-Горан Михајлов, член на Советот на Општина Карпош
Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено** Решението за определување на член во Одбор за

соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Факултет за Драмски уметности Скопје

**ТОЧКА 18. Предлог-Одлука за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска начелно знае дека е зборувано на координација за оваа точка бара појаснување од тоа што го прочитала во материјалите поради објавен оглас за работа бидејќи никој не се јавил и поради тоа се поништува одлуката. Дали некои од овие простории се предвидуваат во понатамошните точки на издавање или ќе се прави ново објавување на оглас?

Од службите со одговор првенствено се носи оваа одлука бидејќи таква Одлука се донела минатата година затоа и ја доставиле во материјали за новите членови на Советот да знаат што се поништува. Имало јавен повик и на тој јавен повик никој не се јавил, меѓутоа бидејќи треба да се отвара Ресурсен центар и Младински центар конкретно оваа одлука се поништува за да тој простор да го отстапат за отварање на Младинскиот центар.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче" – Партизан, Скопје.

**ТОЧКА 19. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче" - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Вера Бужаровска ја поддржува оваа предлог -одлука и се согласува за просторот да се даде на користење, меѓутоа во насока на сугерирање на стручните служби коишто ќе изготвуваат правен акт за меѓусебна соработка помеѓу давателот на просторот и примателот на просторот. Дали тој правен акт ќе биде во форма на меморандум, протокол за соработка или договор за закуп? Тоа ќе одлучат стручните служби. Меѓутоа, во овој правен акт, каде што ќе се воспостават некои

корелации помеѓу давателот на просторот и примателот на просторот, кој е вид во општината, што ние очекуваме од тој младински центар или тие што ќе бидат корисници на тој простор? Сугерира во правниот акт којшто ќе ја одреиат формата за меѓусебна соработка, да влезат четири точки, по неа многу битни содржини, а содржината ќе ја оформат тие како што сметаат. Меѓутоа сака да нагласи дека во тој правен акт за меѓусебна соработка неминовно би требало да стои корисникот на просторот да не може да го издава во закуп или подзакуп на друг правен акт или физичко лице. Во втората насока сака во протоколот на правниот акт да стои корисникот на просторот домаќински да се однесува со одредениот простор кој го користи. Третата точка да биде давателот на просторот квартално да го известува Советот или општината. Дали тоа ќе биде како трајно вработен или задолжен од вработен во општината? Мислите дека ќе треба да има еден претставник дали квартално или на кој период би требало да не известува каква е состојбата со тој простор? И последната точка во тој правен акт би сакала да влезе една извршна клаузула. Со цел се скокнат сите судски постапки, доколку се одлучи да се раскине договорот од икс причини, причини коишто ќе бидат утврдени во овој правен акт, веднаш да се оди на извршување и извршување во смисла на раскинување на договорот и напуштање на заедничкиот простор. Има само едно прашање, сака да се појасни просторот го даваат на користење без надомест. Прашува режиските трошоци дали ќе ги покрие општината или режиските трошоци ќе бидат на корисникот на просторот? Ова се од причина што знаете како се случува кога се дава туѓ простор секогаш режиските трошоци се натрупуваат, па покасно општината ќе ги направи овие трошоци, а доколку покриваме се, тогаш неминовно вработениот што ќе биде задолжен да ги контролира овие простори коишто се даваат на користење, благовремено да известува за состојбата.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со дополнување да се сугерира да стои со намена на младинци од Општина Карпош.

Збор зема од секторот за развој Александра Теова образложи дека истото тоа го имаат доставено и во одлуката каде што го отстапуваат просторот. Сите овие работи коишто се ставени во одлуката, плус додатни работи ќе бидат ставени во договорот, што значи дека ниту невладините организации, ниту младинската организација не ќе може просторот да го користи за некоја друга намена. Немаат право на издавање на тој простор и нема право тоест на реиздавање на тој простор и во тој случај сме заштитени. Доколку го утврдуваме сето тоа имаат право еднострано да го раскинат договорот. Нема потреба од чекање на три, пет години итн. Еднострано се раскинува договорот. Што се однесува до режиските трошоци, да ние ќе ги плаќаме режиските трошоци. Младинските центри ќе работат според правилник за стандардите за квалитет и младински центри и таму е јасно дефинирано дека општината е должна

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

да го отстапи просторот и да ги покрие режиските трошоци. Работат според овој правилник. Може да објасни младинскиот центар не може на било кој да го дадеме. Јавниот повик јасно е дефиниран, кај што вика мора според него да се води, да го даде на младинска организација или организација за млади, регистрирана во регистарот во период од три до пет години. Тоа е првото правило. Второто правило кажува дека ние имаме комисија, да но на основа дали функционира и ги исполнува стандардите за младински центри. Исто така се формира една меѓусекторска комисија, а таа комисија е составена од Агенцијата за спорт и млади. Има право Агенцијата за спорт и млади по една година, ако утврди дека младинскиот центар не работи според стандардите, самато Министерството за спорт и млади носи решение ние како општина да се направи нов избор на младинска организација, односно дека старата не постапувала според стандардите кои што треба да бидат за младински организации. Младинскиот центар исто така ќе треба да се сертифицира. Тоа е агенцијата го дава тој сертификат за квалитетот и ако успешно или неуспешно работи, ние мораме да постапуваме според правилникот од Министерството за спорт и млади. Во правилникот е дефинирано дека општините се тие, освен простор и освен режиски трошоци за Младинскиот центар мора да дадат и да платат минимум еден младински работник. Во законот кажува ако се проширува понатаму, дури треба и психолози и уште еден младински работник итн да се вработат. Н, важно е да каже дека ништо нема да направи надвор од овој правилник. Не смее инаку ќе ја одземе лиценцата.

Збор зема членот на советот Катерина Илиева укажа дека точно е дека младите во Карпош немаат младински центар иако тоа е законска обврска согласно Законот за младинско учество и младински политики и тие како советничка група од Левица апсолутно сметаат дека младински центар мора да биде приоритет, но без институционално вградување на НВО секторот во општинскиот објект Партизан. Зошто? Затоа што невладините организации не се група без пристап на ресурси и обично генерално многу од нив располагаат со проекти, донации, сопствени простории и меѓународна поддршка. Не разбира зошто општината треба да даде дополнителна поддршка на невладина организација наместо на здружение. Исто така треба да се вработуваат и психолози, понатаму и уште еден работник и смета дека тоа е трошок за општината. Како алтернатива, согласно правилникот од кој го цитираше Теова за стандарди на квалитет на младинските центри, исто преку јавен повик и транспарентно може да избере само организација за млади, што исто така е регистрирана во регистарот и која ќе раководи и управува со младинскиот центар, а тоа е само здружението.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со прашање до Теова, во тој правилник што го прочита, стои младински организации коишто се регистрирани во регистарот. Како што се важни други некои луѓе што сакаат, овде да реализираат проекти и така натаму, треба да стои или ние треба да го ставиме во нашиот договор којшто се регистрирани или имаат своја дејност и ја обавуваат своја активност на територија на Општина Карпош, ова да биде младински центар, наш на Општина Карпош. Посочи дека тие просторот го даваат бесплатно и тоа е добро. После толку години се створиле услови не се согласува да нема некоја правна клаузула каде што ќе стои во договорот. На територија на Општина Карпош. Се друго за неа е фрлање на пари и користење простор не соодветно.

Збор зема Теова со одговор тие не знаат дали има младински организации на територија на општината Карпош законот кажува минимум една година да функционираат и законот не ограничува да се од општина Карпош но ако се ограничи се наидува на моментот дека тие можеби нема да добијат јавен успешен јавен повик.

Реплика Андоновска укажа дека Партизан е нивна сопственост на општина Карпош, сопственост на граѓаните на општина Карпош. Во јавниот повик им го даваар тој простор од двесте и нешто квадратни на некој што ниту е регистриран овде како организација, ниту има некоја активност. Посочи дека не треба да се брза со вакво нешто. Не е правно издржано. Да се провери во регистарот дали има такви центри на наша територија.

Збор зема членот на советот Катерина се обрати кон службата дека не знаат дали има регистрирани такви младински центри? Меѓутоа, дали знаат колку има невладини организации регистрирани? И тоа не знаат. Тоа значи дека тие не знаат, а ќе се пушти јавен повик? Тие како политичка група ќе гласаат воздржано.Укажа дека тие не против млади, тие сме за млади, меѓутоа се против да се дава на невладини организации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 7 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош

ТОЧКА 20. **Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Добрила Андоновска посочи дека оваа точка ќе ја поддржи како и нејзината советничката група иако за жал не можела од објективни причини да биде присутна на средбата со министерот за локална самоуправа. Смета дека таму е објаснето за Ресурсниот центар меѓутоа добро би било тие како советници бидејќи разговарала со вработен од Министерството за образование и тој и кажал кои се некои индиции за ресурсен центар, кога се дискутирало имало една широка лепеза што се може тој ресурсен центар и како тој ресурсен центар да биде организиран, реализиран итн. Побара да добијат како известување некој неформален документ што сè ќе работи тој ресурсен центар, зошто се отвара и итн. Смета дека треба да се оди напред. Како Општина Карпош нема таков ресурсен центар.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош

ТОЧКА 21. **Предлог-Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Владимир Бислимовски кој изјави дека се работи за канцеларија која ги услужува триесет корисници на територија на општина Карпош. Бројките што ги ги кажува се точно и смета дека Црвениот крст треба од тие средства да плати луѓе, како што плаќа двајца вработени и да ги плати овие трошоци. Да, хумано е, во ред да се помогне, меѓутоа зборува за организација којашто има сериозен буџет од Владата на нашата земја. Смета дека треба да се размисли пред да ја дадат просторијата. Знае дека се условени да имаат некој вид на соработка со општината, за да можат од Министерството за труд да добијат лиценца за работа. Смета дека треба да си најдат соодветно место и да си платат кирија, незнае точно за која сума се

работи, меѓутоа е сериозна сумата којашто ја добиваат за едно лице и некаде лимитот е триесет лица од општина Карпош.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска која укажа дека не треба да се заборави дека Црвениот крст ја нема само таа активност во Општина Карпош туку и огласи за крводарители, Општина Карпош секогаш е прва во Република Македонија по број на крводарители. Тука се службите - Сашка Теова која е заслужна Општина Карпош да е прва по број на крводарители. Обично се две месечни акции стандардно над сто и повеќе учесници само во една крводарителска акција и основен носител на дејност е општествената организација на Црвен крст, клиниката во Институтот за трансфузиологија. Меѓутоа, Општина Карпош ги опфаќа и вработените. Секако и граѓаните одат, тоа со јавен повик, известување итн, само поради тоа тоа е некој минимален простор. Смета дека се прави добар потег. Мисли дека имало такви простории на мостот Влајко не е ова од сега да им се дава простор, меѓутоа, бидејќи и во нивната организација има лица со попреченост и така натаму, кои што не може да ги користат тие простории, и цени дека е потребно да се додели соодветна просторија, при што се согласува со идејното решение на општината да се додели канцеларија во салата Партизан. Сите се сведоци откако постои државата постои и Црвениот крст. Црвениот крст заслужува да има свој простор за работата и хуманиот дел на работата.

Зема збор членот на советот Владимир Бислимовски кој истакна дека покрај хуманиот дел на работата на Црвениот крст, има и бизниси и тој зборува за бизнисот на Црвениот крст. Смета дека ова е исклучиво бизнис интерес. Црвениот крст за да добие лиценца за работа од Министерството за труд треба да обезбеди некакви стандарди.Да не навлегува околу финансиите. Ако не бил Црвен крст, ќе биде друг или трет. Не зборувамза хуманиот дел на Црвениот крст. Зборува за бизнис интерес. Утре ќе има некоја друга институција, друга невладина фирма, небитно, која што може да ги работи тие работи. На тендер се јавуваат Црвен крст и други невладини или фирми коишто имаат лиценца од Министерството за труд и тие можат да аплицираат. Црвениот крст можеби понудил цена солидна и ја добил канцеларијата. Таа канцеларија во Влајко е исклучиво за него во домот за ништо друго. Мисли дека има тендерска постапка во моментот, ако добие друга институција, таа канцеларија за таа услуга којашто ја дава, ќе остане по партиски.
Збор зема членот на советот Татјана Стојановска со прашање колку е одлуката за Црвениот крст за колкав период ?

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која смета дека овие три решенија се еден почеток којшто дава една убава сигурност која ќе се развие на вистински начин. Не се изнајмуваат кафичи на приватни лица. Се обидуваат да го развијат животот во

Карпош преку ресурсен центар, преку младински центар и преку Црвен крст. Апсолутно ги поддржува точките. Секој може да згреши, но затоа ги издаваме на одреден временски период. Тие одлуки можат и да се поништат. Идеите се добри и да се обидат да ги реализираат како Општина.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје.**

ТОЧКА 22. **Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор

ТОЧКА 23. **Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.
Збор зема членот на советот Катерина Илиева пред нив е одлука поднесена од Левица иницијатива за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата и се заблагодари на Градоначалникот за оваа иницијатива која што е изгласана во Град Скопје. Карпош со години се бори со дивоградбите и со тоа ќе се намалат финансиските трошоци на Општината

Збор зема претседателот на советот Христо Саракинов иницијативата е поднесена од страна на Град Скопје и посочи дека ова е заедничка иницијатива.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска ја поддржува точката но со прашање кој е редоследот на уривање дали општината Карпош ќе дава приоритет на рушењата и како ќе функционира?

Од службите со одговор ова не е соработка Град Скопје да урива во Карпош тие како фирма и наши инспектори ова е конкретно за дискотеките со цел да се направи Луна Парк тие почнале со уривање трошоците се енормни поради тоа ќе ги покрие трошоците Град Скопје.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска посочи кога ќе се прави некоја инспекција на ќошот најголемата дискотека што е од страна на Зоолошката градина да се руши. Го замолува инспекторатот, ако е на територија на општина Карпош да си види согласно законот. Оваа соработка ја поддржува апсолутно. Укажа дека не е битна чија е иницијативата,туку чија ќе биде реализацијата.

Збор зема Богданка Мучева од секторот инспекторат со одговор посочи дека сите дискотеки кои што се во кругот на Луна паркот и таа спроти Пјур, сите се под општина Карпош и за сите има постапки за отстранување со тоа што бидејќи Град Скопје уште пред две години барало да се почне со отстранување, за тие дискотеки коишто се на број седум во кругот на Луна паркот има веќе завршена постапка, а за Пјур е во постапка за отстранување. Имаат многу голем проблем со доставата, инаку веќе е дојдено во напредната постапка и таа ќе биде отстранета, но тоа ќе биде последно за да се заврши постапката. Сите ќе бидат отстранети.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.
**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена** Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата

## ТОЧКА 24 Советнички прашања

Членот на советот Владимир Бислимовски постави советничко прашање цитирам:

1. По стигнат емаил до сите советници од директорката на ООУ "Јан Амос Коменски" се жали од секретарот на Општина Карпош имала пристисок да се повлече од

директорското место и притисок од инспектори од министерство бара објаснување од секретарот да се произнесе?

Членот на советот Татјана Стојановска постави со советнички прашања цитирам :
1.Ул.**Никола Парапунов, потегот од Тинекс маркет до кејот Варадар. Улицата е единствен влез и излез за 8 згради, цца 500 семејства и бројни бизниси и има многу неодговорно паркирани возила поради кои се попречува протокот на возила.Како планира општината да го реши проблемот, знаејќи дека и во минатото, се случи пожар во тој дел, а пристапноста е скоро никаква?**
**2.Известувањата ставени од општината, за отстранување и непаркирање на улиците во Карпош 3, улици Карпошево востание, Струма, Пелистерска, Ограждем идр. за да може да поминува камион на Комуналец се однесуваат на двете страни од улицата или само на страната каде се контејнерите? Прашањето го поставуваат граѓаните затоа што во тој дел , на тие улици и нема друг предвиден паркинг за возилата од жителите на зградите. Како општината мисли да го реализираат паркингот кој е неопходен за секој објект во кој има станари?**

Дополнително, дали таквата објава важи и за улицата Никола Русински бидејќи досега таму се случувале инциденти за немање можност да помине возило на брза помош, во претходниот одговор наведувате дека е возможно и поставување на столпчиња на тој дел, дали е во план нивна реализација?

**3.Што се случува и какви се плановите на општината за расчистување на дивите депонии и работата на пречистителната канализациона станица на Водно, од страната во Нерези?**

**4.Во која фаза е базенот во салата Партизан, дали се планира негово отварање и користење и во кој временски рок?**

**5.Барање за игралиштето во Нерези да се санира од безбедносни причини?**

**6.Водоводот на бул. партизански Одреди 11 ( по старо именување), долно Нерези. Прашањето е пратено до сите советници, барам одговор на истото. Имаат големи проблеми жителите на тој дел и каков е планот на општината за решавање на проблемот?**

Членот на советот Добрила Андоновска постави советнички прашања цитирам:
1. **Дали се планира асфалтирање на ул.Козле 1 во средно Нерези?**

(Имено, децата одат по кал до училиште.Улицата е асфалтирана делумно во времето на Богоев, а останатата половина од улицата не е завршена и не е асфалтирана)
2. **Дали може да се организира пункт за наплата на територија на општина Карпош од страна на ЈП Водовод и Канализација**
(Имено, такви пунктови постојат во повеќето скопски општини, а последниот е отворен во тековната година во Општина Ѓорче Петров)
3. **Дали директорките на основните училишта и градинките во Општина Карпош ќе продолжат со својата функција до завршување на нивниот мандат?**
(Имено, тоа би било согласно претходниот политички договор помеѓу ВМРО – ДПМНЕ, СДСМ И ГРОМ за не- менување до истекот на нивниот мандат, а истото во интерес на учениците, родителите и вработените)

**4.Дали може да се укаже до ЈП Комунална хигиена за почитување на правилата за обавување на работните задачи при собирање на отпад од контејнерите?**

( Имено, на повеќе локации на Општина Карпош, при спреченост на управување на нивните возила поради други паркирани возила, вработените треба да ја известат полицијата и пајак службата, а да не ги вадат вреќите со ѓубре од контејнерите и да ги ставаат врз хаубите на паркираните возила)

**5.Дали може даночните решенија за данок на имот да бидат доставувани во хартиена форма до сите граѓани на Општина Карпош?**
(Имено, во минатото (во некои УЗ и во 2025 година) даночните решенија беа доставувани преку УЗ до граѓаните на општината и на тој начин не само што им беше олеснето плаќањето на граѓаните , туку беше зголемен и процентот на наплата на даноците, што е многу значајно за Буџетот на општината)

Членот на советот Дарко Ристовски постави советнички прашања цитирам:

**1.Која инспекција е надлежна за поставената урбана опрема пред Факултетот за Туризам и Менаџмент - Скопје?**

**2.Што се случува со опремата од УНДП?**

Членот на советот Горан Михајлов постави советнички прашања:

**1.Дали ќе ги менувате директорките под притисок?**
**2.Зошто не е доречен насловот на меѓуопштинската соработка и не е објаснето за каков тип на рушења?**

**3. Што се случува со просториите на Влајко? Што се планира со тие простории? Предлог да се вклучат во тие простории јавните институции во интерес на граѓаните?**
**4. Дали сте направиле некој чекор во реализирање на предлогот за поставување легнати полицајци на споредните улици?**
**( на пример улица "Вич")**
**5. Дали може Општината да поведе Иницијатива за дел од казните Сејф сити што се изречени кон жителите на Општина Карпош да се префрлат на специјална сметка на Општина Карпош, од која ќе бидат употребени само за специјални проекти во контекс за заштита на безбедноста на граѓаните на Општина Карпош?**
**6. Зошто и до кога ќе чекаме згрижување на децата во детската градинка "Мајски Цвет**
**7.Дали имаме секретар на Општина Карпош?**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 8. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 12:35 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-1561/4**
**Датум: 24.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
Христо Саракинов